Јас сум Даниеле Лаковели  и од 2016 год. сум генерален секретар на Федерацијата на агро-индустриски работници (Flai) на Италијанската конфедерација на синдикати (Cgil) во Фоџа.
Веќе 15 години сум дел од Италијанската конфедерација на синдикати (CGIL) како сервисен оператор и секогаш сум имал интерес за земјоделските политики во рамки на синдикатите на Федерацијата на агро-индустриски работници (Flai) во Фоџа.
Ние сме секојдневно присутни на работните места и преку кампањи во главното место каде има околу 50 илјади земјоделски работници.
Постојано имаме разни искуства во работата против нелегалното вработување работници, секојдневно разговараме со работниците кои доаѓаат во нашите канцеларии и се среќаваме со нив и на работното место. За време на кампањите во летниот период се фокусираме на активностите на  уличен синдикат "sindacato di strada" и тие може да траат еден, два или три месеци, зависно од тоа на кој начин се спроведуваат.
Особено со последното издание на  sindacato di strada,  каде се вклучени не само соработници од Фоџа, туку и од цела Италија, тоа ни овозможи за време на летниот период да стапиме во контакт со околу 3.000 работници од руралните области.
На нив им недостасуваат основни информации за формата на договор кој се склучува, како и за заштитните механизми на индивидуално и колективно ниво.
Стапивме со нив во контакт и ги добивме нивните телефонски броеви бидејќи не можеме долго време да престојуваме на местата каде што работат, па затоа потоа им се јавуваме и тие доаѓаат во нашите канцеларии.
Сето тоа за кусо време ни овозможи да го зголемиме бројот на членки (околу 700).  Во однос на приговорите за незаконско постапување во областа на вработување и работа на црно, почнавме со само два приговори, а бројката сега се искачи на 50.
Ова е огромен резултат бидејќи Фоџа е голема покраина со 60 општини.
Се одлучивме да ја мапираме областа и користевме Whatsapp споделување на позициите во базата на податоци и потоа тие позиции ги поставуваме на Google maps. Тоа ни овозможи географски да ги означиме местата каде работат работниците и местата каде што тие живеат во  околината, и главно компаниите во таа околина за кои секогаш немаме сознанија.
Пред да започнеме со активноста на уличниот синдикат „sindacato di strada" направивме анализа на податоци, единствените кои беа официјално во наша сопственост (листи објавени од страна на INPS) каде може да се најде бројот на денови на работен ангажман за секој работник и список со работниците во земјоделството секоја година.
Со оваа анализа успеавме да стекнеме разбирање за тоа како се шири оваа појава:  колкав број работници работат во околината, колку работни денови се ангажирани и пред сè на кој начин се распределени на територијата.
Врз основа на анализата потоа се префрливме на теренска работа за разбереме каков тип на работници постојат. Тоа ни помогна да изработиме рекламни материјали бидејќи знаевме дека ќе сретнеме работници од Романија, Бугарија или Африка.
Во организацијата на sindacato di strada  голема помош добивавме од локалните претставници кои се во сојузот на Федерацијата на агро-индустриски работници (Flai). Тоа се локални канцеларии на покраинскиот сојуз каде нашите локални претставници секојдневно се среќаваат со работниците; понекогаш ни се придружуваат во работата на терен бидејќи добро ја познаваат територијата. Исто така, тоа ни овозможи да  стигнеме до области кои инаку не ни беа достапни.
Делегатите од локалниот синдикат исто така ни помагаат. Се обидовме да контактираме со нашите претставници во секоја локална канцеларија за да добиеме информации за работното

време односно за да потврдиме дали работниците се враќаат во 17:00 часот и кога ќе отидевме таму во 16:00 часот немаше да ги сретнеме.
Тоа се корисни информации кои ни помогнаа да ја оптимизираме нашата работа.
Подготвивме активност на sindacato di strada со помош на одредени предмети кои ни помогнаа да имаме полесен пристап до работниците. Се одлучивме за сламени шапки или шише вида на кои стои ознаката на Федерацијата на агро-индустриски работници (Flai).
Во однос на нашиот потенцијал за човечки ресурси, имаме претставници од сите соработници на Федерацијата на агро-индустриски работници (Flai) Фоџа, односно од покраинската канцеларија, раководители на локалните одделенија, делегати, и во последните две прилики, и соработници од цела Италија.
Структурата е само-одржлива бидејќи сè е организирано за да се намалат трошоците до минимум: трошоци за информативни материјали на пет јазици (француски, англиски, бугарски, романски, италијански); трошоци за предметите; внатрешни трошоци за структурата и за вообичаеното работење.
Вообичаено, sindacato di strada во нашата област почнува рано со работа, помеѓу 5:00 и 5:30 часот наутро.
Одржуваме кус состанок за да одлучиме во која област ќе се упатиме имајќи ги предвид информациите кои ги имаме забележано, и потоа работиме на информирање на работниците во утринските часови до 12-12:30 часот.
За време на летниот период, работниците се распуштаат не подоцна од 15:00 часот. Потоа се враќаме во базата, централата на Федерацијата на агро-индустриски работници (Flai), за да дискутираме што се случило во текот на денот и бидејќи често имаме спротивставени мислења клучно е да одржиме брифинг за да можеме да ја оцениме активноста за тој ден и да планираме за следниот ден.
За време на sindacato di strada воспоставуваме разни соработки и тоа со инспекциските органи, NLI (националниот инспекторат за работни односи), полицијата и карабинерите, и членките на Мрежата за квалитетна работа во земјоделството.
Особено беше корисна поддршката од Националниот инспекторат за работни односи бидејќи за време на активноста можевме да пријавуваме случаи на детски труд , како и поддршката од полициските сили бидејќи беа подготвени да интервенираат за време на активноста.
Претпочитаме да не го вклучуваме печатот во уличниот синдикат „sindacato di strada" бидејќи со интервјуата и присуството на новинарите, особено имигрантите очекуваат моментална промена во нивните животни услови и тоа е нешто кое за жал не се случува. Не сакаме да им создаваме лажна надеж на работниците. Друга причина е што не сакаме работниците да мислат дека ние сме тука за да стекнеме публицитет бесплатно.
Во текот на активностите на синдикатот имаме изградено база на податоци со контакти и цела мрежа на која работниците од гетата и работните места се приклучуваат спонтано, и исто така со здруженија кои се активни во летниот период, како што е INTERSOS кој нуди медицински услуги.
Со нив имаме воспоставено одлични релации, но, не само со нив, туку и со ARCI и CARITAS и преку оваа мрежа имаме подобра контрола врз територијата.
Така можеме да добиеме повеќе информации и тоа е еден од најважните резултати бидејќи не можеме да дознаеме што се случува и дали се врши експлоатација на работниците, но, исто така и преку телефонски повици или пораки на Whatsapp од момците кои живеат на тие места и се наши членови, односно делегати на нашите локални канцеларии.
Присуството на културен медијатор дефинитивно ни помогна во нашиот прв пристап кон работниците од романско и бугарско потекло или африкански имигранти, кои на почетокот

немаа доверба, така што присуството на културен медијатор беше од суштинско значење за да се подобри квалитетот на нашата работа.
Таквото прилагодување ќе се применува и во следните активности.